## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14 и 153/15), а во врска со член 16 и 22 од Правилникот за планирање Пр. бр. 02-15/VIII-2/2013 од 1 август 2013 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Програма за работа**
**на Народната банка на Република Македонија за 2016 година**

1. Програмата за работа на Народната банка на Република Македонија за 2016 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) се подготвува врз основа на Насоките за работа на Народната банка на Република Македонија за 2016 година, НР бр. 02-15/VIII-1/2015 од 25 јуни 2015 година и активностите планирани од страна на организациските единици за 2016 година.

2. Основниот фокус на активностите во Програмата за работа и оваа година е ставен на основните стратегиски цели на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка), утврдени со Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија за периодот од 2016 до 2018 година, СП бр. 02-15/V-1/2015 од 7 мај 2015 година.

3. Програмата за работа претставува детаљна разработка на утврдените цели и насоки за наредниот период, од аспект на носителите, роковите и статусот на нивното остварување согласно со прилогот бр. 1, којшто е составен дел на оваа програма за работа, вклучително и финансиските последици од нивното остварување, презентирани во ревидираниот проектиран биланс на состојба за тековната и за следните три години, согласно со прилогот бр. 2 којшто е составен дел на оваа програма за работа.

4. Програмата за работа содржи активности поврзани со остварувањето на основните цели на Народната банка, пред сè од областа на монетарната политика, финансиските пазари, управувањето со девизните резерви, финансиската стабилност, издавањето и управувањето со книжните и кованите пари, платните системи, супервизијата и статистиката, како и голем број активности коишто претставуваат поддршка на основните функции на Народната банка поврзани со истражувачката дејност, информациската технологија, внатрешната ревизија и корпоративното управување.

Распределбата на програмските активности според утврдените стратегиски цели и носители е извршена на следниов начин:

I. Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.

- 17 активности - носители: МПИ, ФП

II. Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.

- 27 активности - носители: ВСЛ, ТС, ФБ, раководство

III. Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимален баланс на принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.

- 8 активности - носител: ФП

IV. Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.

- 2 активности - носител: ФП

V. Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.

- 13 активности - носител: ТР

VI. Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и обезбедување услови за прекугранично поврзување на платните системи.

- 16 активности - носител: ПС

VII. Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.

- 17 активности - носители: МПИ, ФБ

VIII. Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.

- 21 активности - носители: СТ, ПС

IX. Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.

- 5 активности - носители: КГ, ПС

X. Следење на трендовите во централното банкарство, јакнење на флексибилноста во однос на промените што ги наметнува опкружувањето, ефективно управување со ризиците во сите сегменти на работењето, подобрување на транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.

- 64 активности - носители: раководство, ИТ, КГ, Музеј, ПР, ЧР, ФСК, АТР, Библиотека и архив, ВР

5. Програмата за работа вклучува и активности насочени кон усогласувањето на правните, организациските и потребите од ресурси на Народната банка во процесот на пристапување кон Европската централна банка и Европскиот систем на централни банки, што е во согласност со препораките содржани во извештајот „Анализа на потребите на Народната банка", одобрен од страна на Управниот комитет на проектот ИПА.

6. Во текот на 2016 година, организациските единици во Народната банка планираат да остварат 190 активности, од кои 77 се редовни, а 113 се нови активности.

7. Динамиката на остварувањето на Програмата за работа е рамномерно распоредена, при што со оглед на потребните подготовки, најголемиот дел од новите активности ќе се завршат до крајот на 2016 година, додека редовните активности ќе се остваруваат во текот на целата година.

**Динамика на планираните активности во Програмата за работа за 2016 година**




8. Во 2016 година се одбележуваат 70 години од централнобанкарските активности во Република Македонија. Одбележувањето на овој значаен јубилеј ќе се одвива во текот на годината преку повеќе настани во организација на Народната банка.

9. Програмата за работа влегува во сила на денот на донесувањето.

**Бр. 02-15/XVI-1/2015**
**17 декември 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач на Советот на**
**Народната банка на Република**
**Македонија**
**Димитар Богов**